КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
BASKETBALL FEDERATION OF NORTH MACEDONIA

FIBA
We Are Basketball

Кошаркарска Федерација
на Северна Македонија
Број 03 – 309
Дата 01.06.2021

**До: редакција на неделникот „Фокус“**
**Предмет: Одговор на прашањето поставено од новинарката Катерина Смилева Божиновска**

Почитувани,

До претседателот на Кошаркарската федерација на Северна Македонија, Перо Антиќ, поставено е прашање:

„Зошто Федерацијата се одлучи да го смени името и да го имплементира новото име на државата и покрај тоа што не беше обврзна на такво нешто со Преспанскиот договор“?

Со овој Одговор Ве известуваме за сите детали поврзани со промената на називот на федерацијата.

Имено, промената на називот на федерацијата од Македонска кошаркарска федерација (МКФ) во Кошаркарска федерација на Северна Македонија (КФСМ) се случи на седницата на Собранието на МКФ, одржана на 15.05.2019 година.

Оваа седница иако беше изборна, на истата пред точката 10 која се однесуваше на избор на претседател на МКФ, на дневниот ред претходно, под број 6, беше поставена точката за донесување на одлука за промена на називот на федерацијата.

Со оглед дека оваа седница ја водеше тогашниот претседател на федерацијата, г-динот Петар Наумоски, видно од усвоениот Записник од седницата на Собранието од 15.05.2019 година, за точката 6 констатирано е следното:

*„Петар Наумоски појасни дека законска обврска на сите спортски федерации е да направат промена на називот. По препорака на Агенцијата за млади и спорт и Македонскиот олимписки комитет даден е предлог за полн и скратен назив на федерацијата. Називот на Здружението на граѓани е КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА. Скратено име е КФСМ.“*

Ваквиот предлог беше усвоен со 27 гласа ЗА.

Подоцна на седнцата на Собранието, под точката 10 од дневниот ред, се пристапи кон избор и гласање за предложениот кандидат за претседател на федерацијата, Перо Антиќ, по што истиот беше едногласно избран од страна на сите присутни членови со 27 гласа ЗА.

Оттука, со оглед дека промената на името-називот на кошаркарската федерација е предложено и направено во време кога со федерацијата сеуште раководел нејзиниот претходен претседател, г-динот Петар Наумоски, сметаме дека најрелевантен одговор на Вашето прашање може да даде само тој.

Со почит,

КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Претседател на КФСМ
Перо Антиќ

St. Debarca 28, 1000 Skopje, North Macedonia - Tel/Fax: +38922464988; e-mail:
contact@basketball.org.mk / office@basketball.org.mk
КФСМ канцеларија/ BFNM office